***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ МАРТ***

## 1. <u>ПРИХОДИ</u>

Во периодот од **01.03.2026** година до **31.03.2026** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **10.023.476 денари** и тоа по следните основи:

| ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | 169.748 денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | 358.643 денари |
| 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | 106.976 денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица и камати за доцнење во плаќање на даноци на имот | 139.223 денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права и данок на наследство и подарок | 724.716 денари |
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | 54.944 денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | 464.000 денари |
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | 54.579 денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | 1.050.384 денари |

| | |
|---|---|
| Такси за користење на просторот пред деловни простории, за користење на музика во јавни локали , за користење на плоштад и др. | 51.881 денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | 2.312.188 денари |
| Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи | 162.198 денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | 47.184 денари |
| Уплати по основ на други неданочни приходи и приходи од органи на управа - надомест за користење на сала за венчавки и др.потреби, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината и 2 % од наплата на премии за каско и одговорност | 238.398 денари |
| Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини, приходи од продажба на земјиште, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти – легализација | 514.977 денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од 3.573.437 ден. по основ на 6% данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел - 4,5%, дел за перформанси - 0,75% и дел за воедначување – 0,75% | 3.573.437 денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.03.2026** година до **31.03.2026** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **10.085.383 денари** и тоа за следните намени:

| **ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ** |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица | 3.207.779 денари |
| Исплатен надомест на советниците за еден месец | 310.253 денари |
| Исплатен надоместок за 1(еден) месец за храна на вработените во ТППЕ трета смена | 34.486 денари |

| | |
|---|---|
| Исплатени се девет решенија од постојаната резерва(непредвидливи расходи) кон физички лица и здружение од кои четири од по 10.000 ден. за болничко лекување, три од по 5.000 ден. за незавидна финансиска состојба, едно решение од 10.000 ден. помош за штета настаната од пожар и едно решение од 30.000 ден. кон здружение донесени од страна на Советот на општината | 102.223 ден. |
| Исплатени се 20.441 ден. за дневници во земјата за м.12/2025 год. на Градоначалникот и администрацијата, за 7.000 ден. е извршено надополнување на ТАГ картичката на општината и 22.042 ден. за дневници и патни расходи за реализирани патувања во странство – Р.Словенија и Р.Романија | 49.483 денари |
| Платено е дел од доставените фактури за ел.енергија и ул.осветлување за м.01 и м.02/2026 сума од 680.049 ден., за телефонски услуги,интернет и др.услуги 53.142 ден., за горива и масла 53.488 ден.,за поштенски услуги платено е 10.240 ден., за набавка на течни горива 266.000 ден., 13.216 ден. за регистрација на моторни возила и 30.276 ден. за водовод и канализација за м.01 и 02/2026 | 1.106.411 денари |
| 16.000 ден. за претплата на Службен весник, 109.673 ден. за материјали за ул.осветлување, 27.076 ден. за канцелариски материјали и 65.507 ден. за набавка на тонери за информатичката опрема на општината | 218.256 денари |
| 49.560 ден. за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, 18.201 ден. за поправка и сервисирање на возила, 492.696 ден. за јавна чистота на територијата на општината за м.01 и 02/2026, 293.584 ден. за зимско одржување и 10.080 ден. за чистење на градежна депонија | 864.121 денари |
| 5.464 ден. за изнајмена просторија во с.Двориште за потребите на детската градинка, 14.525 ден. за услуги за копирање и печање, 1.500 ден. за правни услуги, 1.050 ден. за користени услуги од АКН, 2.000 ден. за банкарска провизија за подигање на девизи од НБРМ за исплата на дневници во странство, 19.000 ден. за ангажирање на екипа на итната медицинска помош за потребите на општината, 2.550 ден. за преведувачи, 47.672 ден. за услуги од овластени проценители, 5.074 ден. за осигурување на моторни возила на ТППЕ, 200.000 ден. за превозни услуги за потребите на ОСУ „Ацо Русковски“ и 33.040 ден. за услуги од телевизиски медиум, согласно склучен договор | 331.875 денари |
| 155.575 ден. за др.оперативни расходи - (128.502 ден. се платени кон ЗЕЛС за годишно одржување на информациски системи, 23.482 ден. за електронска база на прописи-ПРАКСИС, 550 ден. за издавање на дозвола за туѓо возило, 3.000 ден. за издавање на потврда од здружението на возачи и 41 ден. се платени кон Македонска пошта и | 337.111 денари |

| | |
|---|---|
| Телеком), 110.389 ден. за објава на огласи, 9.440 ден. за учество на семинари на вработените во општината, 7.257 ден. за репрезентација и 54.450 ден. – дел од преостаната обврска за членарина за 2025 год. кон ЗЕЛС | |
| Платена субвенција за 2 месеци кон ЈПКР Услуга – Берово за измирување на обврските према доверителот ЕВН Хоме, ДОО - Скопје | 412.398 ден. |
| 100.000 ден. се префрлени на сметка на ОФК – Малеш – Берово, согласно склучен договор и програма за спорт за 2026 година, 7.000 ден. се исплатени кон здружението Дабевец и 50.000 ден. кон здружението Ратевски бамбурци исто така согласно склучен договор и програма за култура за 2026 година | 157.000 ден. |
| 72.000 ден. буџетско учество се префрлени на сметка – Вработување за исплата на лица ангажирани за општокорисна работа, 40.050 ден. буџетско учество се префрлени на сметка на УПОЗ, 93.234 ден. се исплатени за пензионирање на вработен во општината, 2 од по 10.000 ден. за болничко лекување, 3 решенија од по 7.000 ден. се исплатени за новородено дете, 9 решенија од по 6.000 ден. се исплатени субвенции за студенти кои за прв пат запишуваат година, 27.778 ден. се иплатени на ангажираните судии за одржаните РСИ 2026 год., 44.445 ден. се платени за 6 решенија од по 8.000 ден. – субвенција за добивање на возачка Б-категорија и исплатени се 50.000 ден., согласно склучен Договор со Самостоен уметник Алачки. | 439.072 денари |
| 600.000 ден. се платени по доставена ситуација за реконструкција на ул.Ј.Сандански во с.Русиново, 827.000 ден. дел од ситуација за реконструкција на ул.Г.Делчев во с.Ратево, 300.000 ден. дел од обврска за изготвена експертиза за санација на Градски пазар во Берово и 750.000 ден. за изградба на водовод во с.Ратево | 2.477.000 денари |
| Надомест за одземен имот - експропријација | 37.915 ден. |

Бр.05-101/4
07.04.2026 год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Петар Ружински

